Државен Студентски дом
,,Кочо Рацин,, Битола
Бр. 02-192/3
05-09-2023 год.

# КУЌЕН РЕД

При користењето на услугите во ДСД ,,Кочо Рацин,, Битола, студентите се должни да се придржуваа на Куќниот ред.

1. Студентите треба одговорно и со почит да се однесуваат кон другите студенти и вработените во Студентскиот дом;
2. Однесување кон имотот и инвентарот на Студентскиот дом треба да е одговорно како не би се предизвикала материјална штета.

Притоа се забранува разместување на инвертарот (плакари, кревети) надвор од просторот каде што се наоѓаат;

3. Да се почитува забраната за пушење во Студентскиот дом;
4. Не се дозволува непристојно однесување во ресторанот и другите простории во Студентскиот дом;
5. Задолжително да се одржува хигиената во собата и другите просториии во Студентскиот дом и забрането е фрлање отпадок низ прозорците;
6. Пуштање гласна музика дозволено е до 23:00 часот;
7. Примање на ноќевање на надворешни лица (илегалци) е строго забрането;
8. Примање на надворешни лица во собите е дозволено до 23:00 часот;
9. За замена на собите или преместување треба да се добие претходна согласност на директорот;
10. Се забранува употреба на други грејни тела за време кога работи централното греење и кога е задоволена температурата во собата;
11. Не е дозволено готвење на храна по собите, носење храна од кујната и користење на елекрично решо;
12. Пријавување на дефекти на уредите кои би предизвикале материјална штета, мора да е навремено;
    Притоа, се забранува секакво преуредување, пренасочување и сл. на било каква инсталација (електрична, водоводна, интернет и др.) или уреди.
13. Се забранува внесување и употреба на наркотични средства;
14. Задолжително да се почитуваат прописите за заштита од заразни болести, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и повреда на прописите за заштита на животната средина;
15. Забрането е навредливо и насилничко однесување;
16. Одговорно однесување кон имотот и инвентарот на Домот како не би се предизвикало материјална штета;
17. Ненамирени трошоци за сместување во Студентскиот дом не се дозволува повеќе од три месеци;
18. Забрането е предизвикување на национална или расна нетрпеливост;
19. Забрането е организирање и дејствување на политички, верски заедници и религиозни групи и јавно истакнување и огласување на натписи, пароли и слично.
20. Почитување на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверениот инвентар;
21. Вршење контрола по собите од овластено лице од Студентскиот дом, ќе се прави најмалку еднаш месечно;
22. Забрането е отстапување на користење на собата на друго лице ради стекнување на материјална корист.
23. Забрането е чување на домашни миленици во Студентскиот дом.

На студентите кои нема да се придржуваат кон Куќниот ред ќе им биде изречена воспитна мерка: писмена опомена, опомена пред отстранување или забрана на користење на услугите на Студентскиот дом.

Воспитните мерки, писмена опомена, опомена пред отстранување во Студентскиот дом се изрекуваат за повреди на Куќниот ред предвидени во точките од 1 до 12.

Воспитната мерка забрана за користење на услуги во Домот се изрекува за потешки повреди на Куќниот ред предвидени од точка 13 до 23, како и за повторување на полесните повреди на Куќниот ред.

Секоја направена материјална штета студентот е должен да ја надомести. Доколку штетата е направена од повеќе студенти, тогаш секој студент е одговорен за оној дел од штетата што ја предизвикал. Ако не може да се утврди поединечно колкав дел од штетата е направен, тогаш штетата ја надоместуваат подеднакво сите студенти.

Висината на штетата се утврдува со решение од директорот, врз записник од посебна комисија.

Како направена штета се пресметуваат и трошоците што ги направил студентот со примање на илегалец, употреба на грејни тела, готвење на струја во собата, не пријавување на дефекти и др.

Секоја промена на адресата на живеење и телефонскиот број, студентот е должен да ги пријави.

Иселувањето од Домот се врши заклучно со 30 јуни со најава од студентот 3 дена претходно и лично се иселува (раздолжува). Студентот кој се иселува во текот на годината дожен да се пријави 1 месец претходно.

Овој Куќен ред стапува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од 05-09-2023 година.

Со стапување на сила на овој Куќен ред престанува да важи Куќниот ред бр.01-244 од 27.11.2015 година.

Претседател на Управен одбор
Александар Дракуловски

Државен Студентски дом
,,Кочо Рацин,,
Бр. 02-192/3
05-09-2023 год.
Битола

Врз основа на член 30 од Статутот на Државен Студентски дом ,,Кочо Рацин,, Битола, Управниот одбор на Домот, на седницата одржана на ден 05.09. 2023 г., ја донесе следната:

ОДЛУКА
За усвојување на Куќен ред , како извадок од
Правилникот за утврдување на куќен ред за престој на
студентите во Државен Студентски дом ,,Кочо Рацин,, Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Куќен ред, како извадок од Правилникот за утврдување на куќен ред за престој на студентите во Државен Студентски дом ,,Кочо Рацин,, Битола, бр.01-244 од 27.11.2015 г.

2. Составен дел на оваа Одлука е Куќниот ред, како извадок од Правилникот за утврдување на куќен ред за престој на студентите во Домот, и истиот треба Јавно да биде објавен, односно достапен на сите студенти сместени во Домот.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,

Александар Дракуловски